ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 21-59/1**

**Дата: 12.01.2012**

**ДО**
**ЈАВНА УСТАНОВА „МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР“ - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

**Резиме**

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната установа „Младински културен центар“ - Скопје (во натамошниот текст ЈУ „МКЦ“ - Скопје ) на сметката на основен буџет на Град Скопје (603-13), за 2010 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата изрази позитивно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, а за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Со ревизијата е констатирано дека кај ЈУ „МКЦ“ – Скопје не се воспоставени интерни контроли и не се донесени пишани процедури за движење на документацијата, не е извршено осигурување на објектите и опремата, исплатени се надоместоци за авторски хонорари без пропишани критериуми за избор и за висина на хонорарите, вршени се исплати за привремени вработувања на несоодветен начин, купена е видео опрема за која не е обезбеден доказ за прием и утврдени се слабости во постапките за јавни набавки на материјали и услуги.

Со цел подобрување на состојбата ревизијата препорачува да се изврши осигурување на објектите и опремата, да се донесе акт/правилник во кој ќе бидат пропишани критериуми за избор и за утврдување на висината на надоместоците на лицата кои се ангажираат во Установата и набавките на материјали и услуги да се вршат согласно утврдените постапки со Законот за јавни набавки.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 12 до 13 заедно со ревизија на усогласеност на ЈУ „МКЦ“- Скопје на сметката на основен буџет на Град Скопје за 2010 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ЈУ „МКЦ“- Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Борис Момироски, директор до 26.01.2010 година, и
- Златко Стевковски, вд директор од 26.01.2010 година до 30.06.2010 година, од кога е именуван за директор.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ЈУ „МКЦ“- Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 19.09.2011 до 23.09.2011 година кај ЈУ „МКЦ“- Скопје од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 11.11.2011 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 21-147/3 од 02.12.2011 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Интерни контроли

3.1.1. При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на безготовинско и готовинско плаќање, ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли и не се донесени пишани процедури за движење на документацијата во кои ќе бидат дефинирани и разграничени надлежностите и одговорностите во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на документацијата, со што ќе се спречи ризик од плаќања на некомплетна и непотврдена документација како и почитување на договорените услови за плаќање, согласно член 17 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причините за овие ризици се следните:

- при безготовинските плаќања на набавени стоки, извршени услуги и работи, нема доказ за извршена контрола на цените на материјалите и услугите во однос на понудата и плаќањето,
- не постои конзистентност во постапката на одобрување на плаќања на фактурите од добавувачи при што во некои случаи се контролираат од независно лице кое ја потврдува набавката, односно услугата, а во други случаи само едно лице го одобрува плаќањето без претходно потврдување на набавката, односно услугата.
- при примање и исплата на готовина за материјални трошоци не се изготвуваат обрасци „каса прими“ и „каса исплати„, а благајничките извештаи се потпишани само од благајникот, но не се проверени и контролирани од друго независно и одговорно лице.

Ваквата состојба создава ризик од неосновани плаќања кои се рефлектираат на висината на расходите и ризик од ненаменско и незаконско користење на средствата, што не овозможува извршување на активностите на транспарентен, регуларен, економичен, ефикасен и ефективен начин.

Во текот на изготвување на извештајот, на ревизијата и беше доставен Правилник за организација и начин на водење на сметководството, попис и усогласување на средствата и нивните извори, амортизација и ревалоризација, усвоен од Управниот одбор на Установата, во кој се утврдени надлежностите и одговорностите на вработените во процесот на набавка, евиденција и плаќање на стоки и услуги.

**Препорака**

Одговорното лице на Установата да започне постапка за назначување одговорен сметководител.

**3.2. Усогласеност со закони и прописи**

3.2.1. Со ревизијата на расходите и на документите кои го уредуваат начинот на откуп на лиценцни права за емитување на филмови од европско и неевропско производство, на ревизијата не и беа презентирани договори со сите дистрибутерски куќи од кои се врши откуп на лиценцни права, а договорите што беа презентирани се на англиски јазик, без истите да бидат преведени на македонски јазик и потпишани од договорните страни, што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и член 1 и член 5 од Законот за употреба на македонскиот јазик.

Непочитувањето на законските прописи и отсуството на уредна и веродостојна документација, не овозможува целосно уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу прикажувачот ЈУ „МКЦ“ и дистрибутерот, што може да има за ефект неосновани исплати и признавање на повисоки трошоци .

**Препорака**

Одговорните лица на Установата да обезбедат договори со сите дистрибутерски куќи за откуп на лиценцни права на прикажување на филмови, и истите да бидат преведени на македонски јазик од овластен преведувач.

3.2.2 ЈУ „МКЦ“- Скопје како корисник на недвижни ствари не води внатрешна евиденција на недвижни ствари на начин пропишан со член 87 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, поради што и не се доставени податоци за сметководствената вредност на недвижните ствари со состојба на 31 декември тековната година, како и податоци за промените во внатрешната евиденција односно промени кај вредноста на недвижните ствари, до Агенцијата за катастар на недвижности, што не е во согласност со член 88 и 89 од истиот Закон. Исто така, ЈУ „МКЦ“- Скопје не доставила податоци до Министерството за финансии за вкупната сметководствена вредност за движните ствари што ги користи со состојба на 31 декември во тековната година што не е во согласност со член 90 од истиот Закон.

Ваквата состојба има влијание на реалното и објективно прикажување на недвижни ствари со кои располага РМ и поточно утврдување на корисникот на истите.

**Препорака**

ЈУ „МКЦ“- Скопје да воведе евиденција на недвижните ствари во државна сопственост (книга за внатрешна евиденција) што ги користи Установата и да достави податоци за сметководствената вредност на недвижните ствари со состојба на 31.12.2010 година до Агенцијата за катастар на недвижности и податоци за вкупната сметководствена вредност на движните ствари до Министерството за финансии.

3.2.3 ЈУ „МКЦ“- Скопје не врши осигурување на градежните објекти и опремата, што може да има за ефект губење или оштетување на основно средство во случај на евентуална несреќа и неможност за надомест на штета. Ваквото постапување не е во согласност со член 15 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, со кој е предвидено дека Установата е должна да обезбеди чување и заштита на стварите, нивно економично и соодветно користење, а согласно став 2 од истиот член, истите треба да се осигурат во согласност со прописите за осигурување.

**Препорака**

Надлежните служби во ЈУ „МКЦ“- Скопје да извршат осигурување на целокупниот имот (недвижни и движни ствари) со кој располага Установата.

## 3.3. Финансиски извештаи

### Биланс на приходи и расходи

3.3.1. На позициите Договорни услуги и Разни трансфери, евидентирани се расходи во вкупен износ од 4.950 илјади денари за ангажирање на надворешни лица за реализација на активности на ЈУ „МКЦ“- Скопје, на начин кој не е во согласност со законските и подзаконските акти, и тоа:

– Во текот на 2010 година, по пат на склучување на авторски договори ангажирани се лица за реализација на проектите на ЈУ „МКЦ“- Скопје, за кои се евидентирани расходи во износ од 4.460 илјади денари. Ангажирањето на овие лица и определувањето на висината на хонорарите е извршено без претходно пропишани критериуми за избор и критериуми/мерила за утврдување на висината на надоместоците, што не е во согласност со член 69 од Законот за установите и член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

  Ваквиот начин на работење создава можност од субјективен пристап при одлучувањето за потреба од ангажирање на лица и не обезбедува транспарентност и објективност при изборот што може да има влијание на квалитетно извршување на активностите.

– Во текот на 2010 година Установата континуирано ангажира пет физички лица за извршување на работи по основ на договор за дело (билетар, шанкер, апаратер, хигиеничар и келнер, ангажирани во бифето и киното „Милениум“) за кои се искажани расходи за надомест и за персонален данок

во износ од 490 илјади денари. Утврдената состојба не е во согласност со член 22 од Законот за работни односи, член 51 од Законот за буџетите и Законот за Агенции за привремени вработувања.

Непочитувањето на наведените закони не дава можност за остварување на правата од работен однос односно право на ПИО и здравствено осигурување и обезбедување на потребните согласности за ангажирањето на овие лица.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со Установата да превземат мерки и активности за донесување на акт/правилник во кој ќе бидат пропишани критериуми за избор и за утврдување на висината на надоместоците на лицата кои се ангажираат во Установата. Потребно е да се превземат активности и за обезбедување на потребните согласности од надлежните органи за привремени вработувања.

3.3.2. На позицијата Капитални расходи во месец декември 2010 година исплатени се и евидентирани 349 илјади денари за набавка на опрема за видео надзор наменета за Градската плажа на кејот на реката Вардар. Таква набавка не е предвидена со Планот за јавни набавки на ЈУ „МКЦ“ - Скопје за 2010 година. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на извршената набавка бидејќи не е поткрепена со комплетна и веродостојна документација, односно Град Скопје не доставил испратница со потпис за прием на опремата, не е направен Записник за прием и истата не е утврдена со пописот на ЈУ „МКЦ“ - Скопје на ден 31 декември 2010 година. Ваквото работење не е во согласност со член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и создава можност за неосновани плаќања кои се рефлектираат на висината на расходите како и наменско и законско користење на средствата.

**Препорака**

Директорот на установата да не одобрува плаќање на обврски и признавање на расходи врз основа на неверодостојна и некомплетна документација, а особено кога се наменети за други субјекти.

## 3.4. Користење на средствата согласно законските прописи

### Јавни набавки

Со цел стекнување уверување за усогласеноста на користењето на средствата на ЈУ „МКЦ“ - Скопје за 2010 година согласно Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

3.4.1. Со извршениот увид во документите и евиденциите за спроведените постапки за јавни набавки со барање за прибирање на понуди и отворена постапка кај дел од избраниот примерок, утврдени се следните неправилности:

- Планот за јавни набавки не е донесен во законски предвидениот рок, односно е донесен со задоцнување од 37 дена, што не е во согласност со член 26 став 2 од Законот за јавни набавки;
- Директорот на Установата не определил лице за следење на реализацијата на договорите односно проверка на фактурите во однос на договорите по вид, количина и цена на стоките и услугите, што не е во согласност со член 29 од ЗЈН;
- Спроведени се осум постапки за јавни набавки со прибирање на понуди без објавување на оглас кои не се содржани во Планот за јавни набавки за 2010 година, или поради несоодветно планирање повеќе пати во текот на годината се спроведени постапки за јавна набавка на истородни стоки, што не е во согласност со член 26 од ЗЈН.
- Комисијата за јавни набавки нема воспоставена пракса на изготвување на писмен извештај за спроведената отворена постапка, а членовите на комисијата не потпишуваат изјава за постоење/непостоење на конфликт на интереси, што не е во согласност со член 142 и член 173 од ЗЈН;
- Во тендерската документација, кај сите спроведени јавни набавки со постапка прибирање на понуди без објавување на оглас, не се дефинирани документите за потврдување на способноста на економскиот оператор чија понуда ќе биде избрана за најповолна, што не е во согласност со член 102 од ЗЈН, поради што и истите не се доставуваат од страна на економските оператори.

3.4.2. Во 2010 година исплатени се средства во вкупен износ од 349 илјади денари, врз основа на спроведена јавна набавка со постапка со прибирање на понуди без објавување на оглас, за набавка на опрема за видео надзор за проектот „Градска плажа во Скопје“, при што рокот за поднесување на понудата е покус од осум дена од денот на испраќање на барањето до економскиот оператор, што не е во согласност со член 100 од ЗЈН.

3.4.3. Извршени се плаќања за набавка на делови за кино проекторите за кино „Милениум“ во износ од 127 илјади денари, врз основа на фактури и испратници кои се со датум пред датумот на отворањето на понудите и потпишување на записникот од отворањето на понудите, како и пред датумот на склучување на договорот за јавна набавка. Ваквата состојба укажува на тоа дека набавката е реализирана, пред комисијата за јавни набавки да ја започне постапката за доделување на договор за јавна набавка, што не е во согласност со член 29 од ЗЈН.

3.4.4. Во 2010 година од повеќе сметки на ЈУ „МКЦ“ извршени се плаќања во вкупен износ од 624 илјади денари за услуги за хотелско сметување на гости, со не соодветно спроведена постапка во 2009 година согласно обезбедените средства во решението за јавна набавка. Имено, за обезбедени средства во

вкупен износ од 2.000 илјади денари е спроведена постапка со прибирање на понуди со објавување на оглас, наместо отворена постапка, што не е во согласност со член 100 од ЗЈН

Од оваа сметка, во 2010 година се исплатени средства во износ од 250 илјади денари.

3.4.5. Во 2010 година од повеќе сметки на ЈУ „МКЦ“ извршени се плаќања во вкупен износ од 3.538 илјади денари за набавка на стоки и услуги, за кои не е спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка, што не е во согласност со Законот за јавни набавки.

Од оваа сметка се исплатени 886 илјади денари за хотелско сместување на гости, авиобилети, опрема за компјутери, изработка на клишеа за филмови, ревизија на проектот за реконструкција на МКЦ, печатење на влезници, електроматеријали, такси услуги, сервисирање на сервер, услуги за обезбедување за времетраење на одредени манифестации и превоз на патници.

3.4.6. Во 2010 година од повеќе сметки на ЈУ „МКЦ“ извршени се плаќања по фактури од 2009 година во вкупен износ од 743 илјади денари за набавка на стоки и услуги, за кои не е спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка, што не е во согласност со Законот за јавни набавки.

Од оваа сметка извршени се плаќања по фактури од 2009 година во вкупен износ од 500 илјади денари за промоција на манифестацијата „Бела ноќ“.

3.4.7. Во 2010 година од повеќе сметки на ЈУ „МКЦ“ извршени се плаќања за набавка на материјали, ситен инвентар и услуги во вкупен износ од 547 илјади денари, за кои ревизијата утврди проширување на асортиманот, односно набавените производи и услуги не се содржани во склучените договори за јавна набавка, ниту се склучени анекси на договорите.

Од оваа сметка се исплатени 160 илјади денари за услуги за печатење.

Слабостите кои ги констатиравме при спроведувањето на постапките за јавни набавки имаат за ефект намалена транспарентност, фер конкуренција, објективност при изборот на понудувачите и економично трошење на средствата.

**Препорака**

ЈУ „МКЦ“ да врши набавка на стоки и услуги согласно Планот за јавни набавки, да ги почитува законските рокови во постапките, да спроведува соодветни постапки согласно обезбедените средства и да врши набавки на стоки и услуги за кои претходно е спроведена постапка за јавна набавка.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната установа „Младински културен центар“ - Скопје - сметка на основен буџет на Град Скопје, на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2; 3.3. и 3.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ЈУ „МКЦ“- Скопје - сметка на основен буџет на Град Скопје, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

## 5. Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања

Во текот на ревизијата е спроведена корекција во Билансот на состојба на ден 31.12.2010 со која е извршено евидентирање на набавена опрема во износ од 17 илјади денари. Корекцијата е спроведена во налог за книжење бр.14-5 од 23.09.2011 година.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност

6.1. ЈУ „МКЦ“ нема обезбедено имотен лист во кој како носител на правото на сопственост е внесен Градот Скопје, односно објектот кој го користи ЈУ „МКЦ“ е заведен во имотен лист број 9217 како сопственост на Република Македонија, а како корисник е ЈУ „МКЦ“. Со Одлука бр.09-214/1 од 30.01.2004 година на Советот на Град Скопје за преземање на основачките права на ЈУ „МКЦ“ и со Договорот бр.02-5139/1 од 19.08.2005 година склучен помеѓу Владата на РМ и Град Скопје, за пренесување на недвижни ствари, опрема, вработени и други средства за работа од РМ на Град Скопје, создаден е правен основ за пренесување и на недвижните ствари од Република Македонија на Градот Скопје. Имајќи предвид дека во тој период ЈУ „МКЦ“ не располагала со соодветна документација врз основа на која можело да се пренесе правото на сопственост на недвижните ствари со кои располага ЈУ „МКЦ“ на име на Град Скопје, истото не е спроведено во Агенцијата за катастар на недвижности.

Со цел да се рационализира и поедностави постапката за запишување на правото на користење на имотот на локалните установи како што е и ЈУ „МКЦ“, а од причина што во Законот за користење и располагање со стварите на државните органи нема правен основ за пренесување на објект на Република Македонија во сопственост на Градот, Министерството за култура во месец февруари 2011 година покренало иницијатива за измена на Законот, по што се очекува дека освен основачките права, и сопственоста на недвижните ствари ќе биде пренесена на Град Скопје.

По завршување на постапката за измена на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, од ЈУ „МКЦ“ се очекува да обезбеди имотен лист за објектот во кој како носител на правото на сопственост ќе биде внесен Градот Скопје.

6.2. Обрнуваме внимание дека ЈУ „МКЦ“ се јавува како тужител или туженик во судски спорови за кои постапката се уште е во тек, и тоа:

- ЈУ „МКЦ“ во 2008 година има поднесено тужба со предлог за издавање платен налог против правно лице, за наплата на долг во износ од 363 илјади денари и тужба за надомест на штета во износ од 73 илјади денари, против вработена во ЈУ „МКЦ“ со договор на дело, и
- ЈУ „МКЦ“ е тужена странка од правно лице со тужба од 2001 година за износ од 1.000 илјади денари, по основ на заштита на право од индустриска сопственост.

По завршувањето на горенаведените судски спорови се очекува кај ЈУ „МКЦ“ Скопје да настанат идни последователни приходи, односно расходи кои ќе се рефлектираат во наредните години од работењето.

Скопје, 09.01.2012 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година**

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 25.471 | 9.644 |
| **Вкупно приходи** | **25.471** | **9.644** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 2.165 | 958 |
| Стоки и услуги | 11.448 | 7.596 |
| Субвенции и трансфери | 7.084 | 723 |
| **Вкупно тековни расходи** | **20.697** | **9.277** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 4.774 | 367 |
| **Вкупно капитални расходи** | **4.774** | **367** |
| **Вкупно расходи** | **25.471** | **9.644** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **0** | **0** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 13 | 0 |
| Побарувања од вработените | 5 | 0 |
| Побарувања од државата и други институции | 1 | 1 |
| Активни временски разграничувања | 487 | 1.064 |
| **Вкупно тековни средства** | **506** | **1.065** |
| **Вкупна актива** | **506** | **1.065** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 281 | 974 |
| Краткорочни финансиски обврски | 5 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 12 | 8 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 194 | 82 |
| Пасивни временски разграничувања | 14 | 1 |
| **Вкупно тековни обврски** | **506** | **1.065** |
| **Вкупна пасива** | **506** | **1.065** |